**РОКОВИ, ОБВРСКА И ДОКУМЕНТИ ЗА**
**ЗАВЕРУВАЊЕ НА ЛЕТЕН И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР**
**НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА**
(За студентите запишани заклучно со 2014/2015 година)

## I. РОКОВИ ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР

Заверувањето на летниот семестар од учебната 2014/2015 година (потписи од предметни наставници за остварени обврски за предметите следени во летниот семестар) и запишувањето на зимски семестар во учебната 2015/2016 година (пријавување на предмети за следење во зимскиот семестар), ќе се врши во периодот:

**22 октомври – 30 октомври 2015 година**

**Забелешка:** Заверката на предметите од летниот семестар ќе се врши според Покриеноста на наставата за учебната 2014/2015 година, а запишувањето на предметите за зимскиот семестар ќе се врши според Покриеноста на наставата за учебната 2015/2016 година.

## II. ОБВРСКА ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР

Обврската за заверување на летниот семестар од учебната 2014/2015 година и запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година, ја имаат студентите од сите студиски години на втор циклус студии запишани заклучно со учебната 2014/2015 година, а кои не поднеле Пријава на тема за изработка на магистерски труд, по која одлучува Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Напомена:** На студентите кои што нема да ја исполнат обврската од претходниот став, односно нема да го запишат зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година, им престанува статусот на студент на втор циклус студии.

Статусот на студент на втор циклус на студии може да се обнови под одредени услови, а пред се, во зависност од тоа дали во учебната година во која се обновува статусот на студент е активна студиската програма на која студентот е запишан, како и со поднесување на дополнителни трошоци за спроведување на постапката.

## III. ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР

Документите се поднесуваат во Студентската служба за втор циклус студии на Машинскиот факултет (I спрат), во наведениот рок, секој работен ден, во следниве термини:

- **22.10.2015 г**. (четврток) - **9:00 - 12:00 часот**;
- **26, 28 и 30.10.2015 г**. (понеделник, среда и петок) - **14:00 - 18:00 часот**;
- **27 и 29.10.2015 г**. (вторник и четврток) - **10:00 - 15:00 часот**.

## III.1. ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ СЕМЕСТАР

1. **Индекс**.
2. Образец за заверување семестар – **Образец А4** од УКИМ, со уплатени 50,00 денари за административна такса (начин на плаќање според Соопштение во прилог).

## III.2. ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР

1. **Индекс**.
2. Образец за запишување семестар – **Образец А3** од УКИМ, со уплатени 50,00 денари за административна такса (начин на плаќање според Соопштение во прилог).
3. Статистички **образец ШВ.80А** за запишување во учебната 2015/2016 година (се подига од Службата за студентски прашања).
4. Потврда за **уплатени 500 ЕУР** во денарска противвредност според среден курс на НБРМ на денот на плаќањето, со **цел на дознака**: надоместок за II циклус – (се наведува кратенката на називот на студиската програма).

**Уплатата се врши на образец ПП50** со следниве податоци:

Назив на примачот: Буџет на РМ, Машински факултет – Скопје
Банка на примачот: НБРМ
Сметка: 100 0000000630 95
Износ: ..... денари (денарска противвредност на 500 ЕУР)
Сметка на буџетски корисник: 1600104278 788 11
Приходна шифра: 723119 41 Начин: 2

**ВАЖНА НАПОМЕНА:** Студентот, пријавувањето на предмети за следење во зимскиот семестар го врши според следниве обврски и редослед:

- прво има обврска да ги пријави/презапише предметите што ги следел во претходниот зимски семестар, а за кои не ги положил испитите заклучно со есенскиот испитен рок (августовско-септемвриска испитна сесија), и тоа според редослед - задолжителни, па изборни предмети;
- потоа, до слободниот број кредити во семестарот (30-35 ЕКТС) ги пријавува предметите од тековниот зимски семестар, според истиот редослед - задолжителни, па изборни предмети.

Студентот кој има обврска да презапише изборен предмет (не го положил испитот заклучно со есенскиот испитен рок), може да изврши замена на изборниот предмет, односно може да запише друг изборен предмет од понудениот избор за соодветниот модул, според Покриеноста на наставата за 2015/2016 година.

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## ЗА НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ ВО ГОТОВИ ПАРИ

Административната такса во готови пари се плаќа со налог за плаќање на јавни приходи - **ОБРАЗЕЦ ПП 50**.

*Образецот ПП 50 се пополнува на следниот начин:*

*Трезорска сметка 100-0000000-630-95*

*Уплатна сметка 840-XXX-03161*

*XXX значи запишување на шифра на општината во која има живеалиште уплатувачот на таксата (види список на општини со ознаки во Р. Македонија).*

*Конто 722313 00*

**Важна напомена:**

1) **Личните податоци** на уплатницата ПП 50 (име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ), **задолжително да бидат од студентот што го поднесува образецот** што подлежи на административна такса.

2) Задолжително да се внесе **цел на дознака**: административна такса за XXXXX - XXX значи запишување на називот на образецот кој подлежи на административна такса (образец за заверување семестар или А4, образец за запишување семестар или А3)

3) Плаќањето на административната такса од исто лице **за повеќе обрасци** може да се изврши **на една уплатница**, но притоа во уплатницата треба задолжително да се назначи бројот и називот на обрасците за кои се плаќа административната такса и во износот што се плаќа треба да стои вкупната сума која го означува збирот од вредноста на административните такси што се содржани во целта на дознаката.

УПЛАТНИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ТОЧНО ПОПОЛНЕТИ,
ВО СПРОТИВНО УПЛАТИТЕ НЕМА ДА БИДАТ ПРИЗНАТИ!

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## ЗА НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА (ТАКСЕНА МАРКА) ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

Административната такса (Таксена марка) по електронски пат се плаќа на следниов начин:

**ЧЕКОР 1.**

ОД ВАШИОТ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН ИСПРАТЕТЕ **СМС ПОРАКА** СО СОДРЖИНА:

„ТМ (празно место) ИМЕ (празно место) ПРЕЗИМЕ (празно место) ЦЕНА“

**ПРИМЕР:**

**ТМ Марија Марковска 50**

ПОРАКАТА ПРАТЕТЕ ЈА НА БРОЈОТ:

**144 166**

**ЧЕКОР 2.**

ПО ИСПРАЌАЊЕТО НА ПОРАКАТА ЌЕ ДОБИЕТЕ **ПОВРАТНА СМС ПОРАКА**,
КОЈА ЌЕ ГО СОДРЖИ ВАШИОТ ТРАНСАКЦИСКИ КОД.

СОЧУВАЈТЕ ГО КОДОТ, И ПРЕЗЕНТИРАЈТЕ ГО КОГА ЌЕ БИДЕ
ПОБАРАНО ОД ШАЛТЕРСКИОТ РАБОТНИК.

**Напомена:** Потврдата за извршеното плаќање на административната такса (таксената марка) преку СМС ПОРАКА се врши во Студентската служба за втор циклус студии.

Максималната сума која може да се испрати со една СМС ПОРАКА е 250 денари (вкупен износ за најмногу пет обрасци).

СПИСОК
НА ОПШТИНИ СО ОЗНАКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Ред. бр. | Назив на општината | Ознака на општината |
|---|---|---|
| 1. | Арачиново | 101 |
| 2. | Берово | 102 |
| 3. | Битола | 103 |
| 4. | Богданци | 104 |
| 5. | Боговиње | 105 |
| 6. | Босилово | 106 |
| 7. | Брвеница | 107 |
| 8. | Валандово | 108 |
| 9. | Василево | 109 |
| 10. | Вевчани | 110 |
| 11. | Велес | 111 |
| 12. | Виница | 112 |
| 13. | Вранештица | 113 |
| 14. | Врапчиште | 114 |
| 15. | Гевгелија | 115 |
| 16. | Гостивар | 116 |
| 17. | Градско | 117 |
| 18. | Дебар | 118 |
| 19. | Дебарца | 119 |
| 20. | Делчево | 120 |
| 21. | Демир Капија | 121 |
| 22. | Демир Хисар | 122 |
| 23. | Дојран | 123 |
| 24. | Долнени | 124 |
| 25. | Другово | 125 |
| 26. | Желино | 126 |
| 27. | Зајас | 127 |
| 28. | Зелениково | 128 |
| 29. | Зрновци | 129 |
| 30 | Илинден | 130 |
| 31. | Јегуновце | 131 |
| 32. | Кавадарци | 132 |
| 33. | Карбинци | 133 |
| 34. | Кичево | 134 |
| 35. | Конче | 135 |
| 36. | Кочани | 136 |
| 37. | Кратово | 137 |
| 38. | Крива Паланка | 138 |
| 39. | Кривогаштани | 139 |
| 40. | Крушево | 140 |
| 41. | Куманово | 141 |
| 42. | Липково | 142 |
| 43. | Лозово | 143 |
| 44. | Маврово и Ростуше | 144 |
| 45. | Македонски Брод | 145 |

| Ред. бр. | Назив на општината | Ознака на општината |
|---|---|---|
| 46. | Македонска Каменица | 146 |
| 47. | Могила | 147 |
| 48. | Неготино | 148 |
| 49. | Новаци | 149 |
| 50. | Ново Село | 150 |
| 51. | Осломеј | 151 |
| 52. | Охрид | 152 |
| 53. | Петровец | 153 |
| 54. | Пехчево | 154 |
| 55. | Пласница | 155 |
| 56. | Прилеп | 156 |
| 57. | Пробиштип | 157 |
| 58. | Радовиш | 158 |
| 59. | Ранковце | 159 |
| 60. | Ресен | 160 |
| 61. | Росоман | 161 |
| 62. | Старо Нагоричане | 162 |
| 63. | Свети Николе | 163 |
| 64. | Сопиште | 164 |
| 65. | Струга | 165 |
| 66. | Струмица | 166 |
| 67. | Студеничани | 167 |
| 68. | Теарце | 168 |
| 69. | Тетово | 169 |
| 70. | Центар Жупа | 170 |
| 71. | Чашка | 171 |
| 72. | Чешиново и Облешево | 172 |
| 73. | Чучер Сандево | 173 |
| 74. | Штип | 174 |
| 75. | Аеродром | 175 |
| 76. | Бутел | 176 |
| 77. | Гази Баба | 177 |
| 78. | Ѓорче Петров | 178 |
| 79. | Карпош | 179 |
| 80. | Кисела Вода | 180 |
| 81. | Сарај | 181 |
| 82. | Центар | 182 |
| 83. | Чаир | 183 |
| 84. | Шуто Оризари | 184 |
| 85. | Град Скопје | 185 |